# ОСМОМАРТОВСКИ ИЗЛЕТ ВО ЛЕШОЧКИОТ МАНАСТИР И БОЛНИЦАТА НА ЖЕНИ ОД ПАЛИКУРА-РОСОМАН



Навикнавме и веќе и отрпнавме жените својот меѓународен празник Осми март да го прославуваат во угостителски објекти, со песни, игри и веселба. Така се однесуваа и дел од жените од росоманското село Росоман. Но, годинава решија малку да го изменат ова и на празникот да му додадат и работен карактер. Разговараа за тоа, се договоараа и се роди идеја да се отиде во тетовското село Лешок. Таму да се посети гробот на македонскот просветител Кирил Пејчиновиќ, комплексот на Лешочкиот манастир и во него Специјална болница за белодробни заболувања и ТБЦ – Лешок ЈЗУ.

За оваа идеја направија консултации со градоначалникот на Росоман господинот Бранко Јанев. Не отидоа кај него за ”изим”, туку да го информитраат и побараат спонзорство за превоз до Лешок. И наидоа на целосно разбирање. Потоа, ползувајќи ги врските што ги имаа во Тетово, воспоставија контакт со тамошната невладина организација Српска заедница. Идејата им беше прифатена со воодушевување од Примислав Станојевиќ, петседател на Регионалниот одбор -Тетово на Српската заедница во Македонија.. Тој воспостави контакт со директорот на Специјалната болница доктор Исмаил Ваити. Ни тој не го криел своето водушевување што од далечната Паликура ќе дојдат жените за да ја посетат болницата и болните во неа.

Во селото беа направени подготовки и договорено во болницата ”да не се оди со празни раце”. Прифатена е и можноста да се руча во еден од рестораните во родното село на Кирил Пејчиновиќ – Теарце.

На списокот на ”патниците” се најдоа 17 имиња. Бројот беше лимитиран со седишта на обезбеденото комби од страна на градоначалникот Јанев. Велиме лимитиран, зашто имаше заинтересирани жени и од Росоман и од селото Сирково.

Во сабота, на 3 март, по двочасовно возење од Паликура во која снегот е редок гостин жените се најдоа во со снегот покривен Лешок. Најпрвин во манастирската црква запалија свеќи.Потоа го посетија гробот на Кирил Пејчиновиќ на кого Душица Томоска ги запознала со ликот и делото на овој македонски просветител со прекарот ”Тетоец”. Палакуките не криеја дека многу нешта од слушнатото не ги знаеле и дека повеќе од нив првпат дошле во тетовскиот крај.

Домаќините од Српската заедница ги придружуваа до Специјалната болница, донација на норвешката влада. По враќањето во селото жените не го криеја своето водушевување од односот на директорот Ваити и персоналот, како и пречекот со ”шведска маса”. Ни Паликурките не беа скржави. Донесоа јужно овошје, освежителни пијалаци, месените солени и слатки работи. Но колку ова и да се памети не се заборааат контактите со персоналот и отворениот повик на докторот Исмаил Ваити во секое време, доколку имаат потреба, да дојдат во болница опремена со најсовремени апарати на преглед, а доколку затреба и престој.

По посетата на манастирскиот комплекс Паликурките во ресторанот ”Цуцла” во селото Теарце отидоа на договорен ручок. Тука се најдоа хармоника и тарабука од КУД ” Свети Сава’ . Одекнаа песните и се заиграа ората. И се разбира, никому не му се враќаше во Паликура. Но, кога дружбата привршуваше и жените почнаа да вадат пари за да го платат јадењето од Српската заедница им беше ”соопштено” – ”вашите пари овде не врват, вие сте наши гостинки” . Во Паликура и тоа не се заборава. Затоа веќе сега се размислува како ќе се одговори на најавената возвратна посета на новосоздадени пријатели. На гостопримство да се одговори со гостопримство!

Лилјана Колеска




КИРИЛ ПЕЈЧИНОВИЌ
-ТЕТОЕЦ
( 1771 – 1845 )







